**20150200420**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 26 став (7) од Законот за Царинската управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14 и 167/14) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.159/11), во член 4 ставот 1 се брише.

Член 2

Членот 6 се менува и гласи:

„Во случај на откажување на договорот за вработување, односно суспензија, царинскиот службеник треба да ја врати легитимацијата на издавачот, во рок од 24 часа.

Доколку во случај на суспендирање биде донесено решение за враќање на работа, царинскиот службеник повторно се задолжува со легитимацијата во рок од пет работни дена.

На барање на царински службеник во рок од пет работни дена, службената легитимација му се заменува со нова, во случај кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, истата е изгубена или кога царинскиот службеник ги сменил податоците кои се впишани во легитимацијата. Старите службени легитимации се бришат од евиденција.

По истекот на важноста на легитимацијата, царинскиот службеник во рок од пет работни дена треба да ја врати старата легитимација на издавачот и да се задолжи со нова легитимација".

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20-971/1
5 февруари 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.